| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | „Промените на природата во есен“ |
| **Содржина на денот** | Дрвото во есенски бои |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за правилно миење на рацете, користење на приборот за хигиена и користење на средствата за дезинфекција на рацете. |
| **Активности** | Со детето појдете на прошетка низ блиската околина, застанете до некое дрво и потикнете го детето да набљудува и опишува што забележува, какви промени се случуваат во изгледот на дрвото во есен итн. Разговарајте за изгледот, гранките, за бојата на неговите листови. Кога ќе се вратите од прошетка во домот демонстрирајте ја активноста што следи т.е. мотивирајте го детето на лист од блок со четка и темперни бои да го наслика „Дрвото во есенски бои“ (по сеќавање). Детето самостојно и правилно го користи ликовниот прибор потребен за работа, а по завршување на активноста го чисти и мие приборот и го враќа на свое место, со што се создаваат хигиенски навики за одржување на хигиената на ликовниот прибор. Можете да му пуштите на детето песна за „Есента“ од детскиот фестивал „Поточиња“ (2017 г. ) |